## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јануари 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата и да ги заземат своите места за што треба да поченеме со седницата.

Ги повикувам служБите да достават точен број на присутни пратеници, за да започнеме со работа.

Дами и господа пратеници ја отворам 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Петар Поп Арсов, Фијат Цаноски, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Фадил Сулејмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Гоце Марковски, Надица Танчева Тулиева, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Тито Петковски, Горан Мисовски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија.

Ве известувам дека госпоѓа Мирјана Лазарова - Трајковска, поднесе оставка на функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Констатирам дека согласно член 111 став 4, од Уставот на Република Македонија на госпоѓата Мирјана Лазарова - Трајковска и престанува функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Согласно барањето на Владата на Република Македонија и договорот со координаторите на пратеничките групи на оваа седница Собранието ќе расправа и по Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски Железници, инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон и по Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу Македонски железници транспорт АД Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон, кои беа во предлогот на дневниот ред на 98-та седница на Собранието.

Според тоа, на денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според инструментот за предпристапна помош ИПА, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и Хрватското малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи, со Предлог на закон;

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија;

5. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу Јавното претпријатие Македонски железници инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем наменет за проектот за реформи на железницата кој ќе се склучи меѓу Македонски железнички транспорт АД Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој ИДА по договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој ИБРД по

Договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната комерцијална банка на Република Кина по договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти, со Предлог на закон;

11. Предлог за именување член на Советот на Народната банка на Република Македонија;

12. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител во Основното Јавно обвинителство - Скопје.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги.

Предлагаме како дневна точка на денешнава седница да се разгледува и информација за енергетската стабилност на Република Македонија после одлуките на Владата на Република Македонија за забрана на извоз на јаглен и распишување тендер за увоз на јаглен.

Да потсетам, Владата на крајот на декември 2007 година го донесе енергетскиот биланс за 2008 година во која не се предвидува извоз на јаглен за 2008 и не се предвидува увоз на јаглен за потребите на термоелектраните во нашата земја. Само после еден месец на 22 јануари Владата донесе одлука со која се забранува извоз на јаглен во 2008 година и донесе одлука за набавка на 600-тини илјади јаглен за потребите на термоелектраните во Битола и Осломеј.

Оваа Владина одлука имплицира, почитувани колеги, на две можности. Прво, дека во Република Македонија бил вршен извоз на јаглен и покрај алармантната ситуација со снабдувањето со јаглен на производствените капацитети за електрична енергија.

Второ, се вршел, донесена е одлука за увоз и покрај тоа што Република Македонија располага со над 2 милијарди тони резерви со јаглен, од кои 660 тони се експлоатибилни.

Да потсетам и да наведам дека станува збор за навистина контраверзна одлука на Владата предводена од Никола Груевски. Ќе потсетам дека на 4 ноември 2007 година потпретседателот на Владата Зоран Ставрев пуштајќи го во работа новиот површински коп Брод - Гнеотино имплицираше дека станува збор за капацитет кој ќе ги задоволува потребите на РЕК Битола за наредните 25 до 30 години.

Неговиот колега Чинговски на 1 декември објави успешна реализација на проектот, со преместување на речното корито на реката Темница со што непречено ќе се експлоатираат 8 милиони тони јаглен, доволни за стабилна работа на ТЕ Осломеј, во наредните десет години.

Жалам што претставниците од ВМРО-ДПМНЕ, нашите колеги немаат осет ниту можат да ја разберат сериозноста на ситуацијата во Република Македонија која прети со енергетски колапс на сите производствени капацитети.

Му предлагам на ова Собранието да ги разрешиме сите дилеми околу тоа што се случува во Република Македонија, кој тоа извезувал јаглен, кој тоа донел одлука за увоз на јаглен, кој тоа си игра со енергетската стратегија и долгорочна политика на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на госпоѓа Весна Бендевска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 17, воздржани нема, против гласале 46.

Според тоа предлогот не е прифатен за уврстување во дневниот ред.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 50, воздржани нема, против 12.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Бидејќи се работи за мошне значаен проект, должен сум да дадам едно образложение.

Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија доби можност за користење на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), согласно принципите и условите за имплементација и усвоените регулативи од страна на Европската унија.

Во моментот по успешното заокружување на процесот на програмирање на националните оперативни програми во сите пет компонентина ИПА, тоа е транзициона помош и Институционална надградба, преку гранична соработка, регионален развој, развој на човечки ресурси и рурален развој и нивно одобрување од страна на Европската комисија, во тек се активности поврзани со процесот на акредитација

на децентрализираниот систем за имплементација на овие програми и користење на срествата од програмата ИПА.

За создавање правна рамка во која ќе може да се користат средсвата од сите национални оперативни програми, како и добивање акридитација за децентрализираниот систем за имплементација на програмите, на 30 октомври минатата година во Брисел, претставници на Република Македонија од Европската комисија ја потпишаа Рамковната спогодба за утврдување на правилата за соработка во однос на финансиската помош.

Во декември минатата година од страна на МНР, до службите на Собранието на Република Македонија беше доставен предлог за донесување закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија, за правилата за соработка по однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија, во рамки на спроведување на помошта според Инструментот за предприемна помош ИПА, со Предлог на закон.

Тој беше ставен на дневен ред на 99 седница закажана за 27 јануари, која потоа беше одложена.

Должен сум да кажам уште неколу податоци. Имено, Република Македонија е прва земја во регионот кој ја потпиша Рамковната спогодба и е прва земја во регионот која има одобрено проект за спроведување на реформи во полицијата и со ратификацијата на Рамковната спогодба од страна на Парламентот, ќе може да се започне со имплементација на останатите проекти. Инаку, средствата што како грантова подршка се очекува да се добијат од Европската комисија, ќе се наменат за поддршка на клучни реформски процеси значајни за остварување на критериумите за членство, од Копенхаген и Мадрид. Дополнително ќе ја преземе зголемената потреба од инвестици во јавниот сектор како двигател на економскиот развој и значајен дел од средствата што ќе се зголемуваат секоја година, ќе се насочи кон реализација на инфраструктурни проекти во транспортот и животната средина, како и руралниот развој.

Инаку, согласно повеќегодишната индикативна рамка 2007-2009 година, вкупниот обем на помош за Република Македонија, во рамки на ИПА, изнесува 210,3 милиони евра. Тоа претставува зголемување во однос на претходната КАРДС програма од 17 евра по глава на жител на 41 евро до 2009 година, што се должи на фактот дека Република Македонија како земја кандидат има пристап до сите пет компоненти на ИПА.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 57, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, сите 58 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 57, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

**Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 56, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, сите 57 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Комисијата за надворешна комсија го разгледуваше предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

Еден мал историјат, како е дојдено до оваа спогодба. Минатата година во март и тоа на предлог на Хрватската влада е направен меѓуресорско експертски состанок на кој се разгледани одредбите на оваа Предлог Спогодба.

На 18 јуни минатата година се усогласени текстовите, а на 13 октомври минатата година е потпишана оваа Спогодба.

Комисијата за надворешна политика смета дека станува збор за еден миноциозен текст во кој се одредени сите битни одредници за заштита на националните малцинство во Република Хрватска, што ги има околу 4.900, според хрватски извори, а според нашите сограѓани околу 10.000, од кои 1.900 живеат само во Загреб, а според последнот попис во нашата земја живеат 2.868 Хрвати или 0,1% од вкупното население. Република Хрватска има големо искуство во потпишувањето на такви спогодби за заштита на малцинства, посебно со Република Италија и Унгарија и тие се сметаат како модел парадигма за заштита на малцинствата во земјите од Европската унија.

Во Комсијата за надворешна политика рековме дека тоа е добар начин Република Македонија да ги заштити своите национални малцинства таму каде што може и да потпише такви спогодби и со други државни.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 55, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на законт за ратификацијата на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи, со Предлог со закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законт за ратификацијата на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 57, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, сите 57 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 58, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законт за ратификацијата на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за заемна соработка во царинските работи.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на Одлука за изменување за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконстукцијата,**

**доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата. Оние колеги пратеници на кои не им е интересна темата не мораат да реагираат од место. Ние сме тука да дебатираме и да ги искажеме проблемите со кои се соочувме во овој момент, всушност и за тоа сме избрани од народот, а не за да дојдеме и да ги стегаме само копчињата, да не ги читаме законите и да си ја земеме платата.

Почитувани колеги пратеници, јас би сакала да објаснам како дојде денес на дневен ред да ја имаме токму оваа Одлука со која одлука се предлагаат нови членови во Комисијата која треба да одлучува за надградбата и доградбата на Собраниската зграда. На самиот почеток ќе кажам дека нема пратеник во ова Собрание кој не се согласува со тоа дека на Собранието му е потребна наградба и доградба. Тука мислам дека нема дилема, сите колеги пратеници се соочиле со проблемот од недостаток на простории, тоа го знаат и службите кои што работат по неколку, значи луѓе кои имаат различна проблематика во иста просторија и навистина просториите се потребни и на пратеници и на службите, не за некакво луксузирање, туку за нормално обавување на дејноста која што ја имаат.Значи, апсолутно сите се согласуваат дека на Собранието му треба надградба и доградба и добро е, јас ја поздравувам идеата да токму сега во овој парламентарен состав се направи тоа. Констатирајќи ја потребата се формира една комисија кој што треба да одлучува околу тоа како ќе биде изведена таа надградба и доградба на Собранието и во таа комисија, морам да кажам, дека беа пропорционално застапени претставници на сите политички партии кои што имаат пратеничка група во Собранието на Република Македонија.

Освен тоа, покрај претставниците на пратеничките групи во оваа Комисија членуваа по еден претставник од Асоцијацијата на архитектите на Република Македонија, еден претставник од Градското здружение на архитектите во Скопје, значи тоа се двајца, еден претставник од Управата за заштита на културното наследство. И, кога кон тоа ќе се додадат шестте претставници од политичките партии, тоа се вкупно Комисијата броеше 9 членови.

Комисијата успешно ја започна својата работа и сите се договоривме дека покрај другите критериуми кои што се однесуваа на уталитарноста на просториите ќе го почитуваме и Законот за заштита на културното наследство односно ќе го почитуваме не само Законот, туку и мислењето кое што беше побарано од наша страна, од Управата на културното наследство и го имавме добиено. Тоа ви е во приложената документација и јас ќе прочитам во интерес на времето само една од алинеите затоа што тука настана всушност спорот околу кој што членовите не само од партиите во опозиција, туку и членот од Управата за заштита на културното наследство се повлече од учество во оваа Комисија несакајќи да ја носи одговорноста пред сегашните и идните генерации за она што ќе се случи со Собранието.

Од сето ова што го кажав, од истите тие побуди и уште малку повеќе од ова, поради целокупното значење на малиот ринг кој што исто така е регулиран со одредени закони и прописи, се повлече, а не сакаше да се почитува, во случајот Комисијата не сакаше да го почитува, се повлече и претседателот на асоацијата на Архитектите на Република Македонија.

За што беше дилемат аи недоразбирањето кое што настана во оваа Комисија. Имено, мислењето од Управата за заштита вели дека надградбата на објектот нека биде покриена со рамен кров. Тоа е една од алинеите и со оглед дека се работи за споменик на културата без разлика од кој период е, минатиот пат слушнавме дека бил од периодот кога Македонија се наоѓала под српска окупација, се согласувам, да од тој период е Собранието, но, зар почитувани колеги пратеници треба да ги срушиме сите објекти кога Македонија се наоѓала под окупација на Турците, а се изградени во тој период, кога Македонија се наоѓала под окупација на Србите или Бугарите.

Мислам дека културно историските споменици не треба да бидат идентификувани според тоа во кое време се согласиле. Ако постапуваат по нашата логика, тогаш сите оние значајни споменици кои што биле изградени од страна на Александар Македонски, а знаеме дека доволно градел во областите кои што тогаш биле освојувани од Александар Македонски, сега би требало да се урнат. Според тоа, и со останатите објекти од големите римски императори изградени насекаде, не само во Европа, туку и подалеку. Зар треба и тие да ги урнеме.

И на крај сега овие денови се говори за возобновување на црквата Константин и Елена која што е подигната во 1927 година или такаречено истовремено со Собранието. Црквата Константин и Елена била една од најзначајните споменици на архитектурата од тој период.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се држите до темата.

**Роза Топузова Каровска:** Да, да токму на темата, токму поради тоа што била изградена и живописана од нашите врвни мајстори од Папрадиште. Јас немам ниШто против доколку се овзобновува таа црква.

Сега да се вратиме на Собранието. Управата за заштита на културното наследство издаде јасни насоки како треба да изгледа Собранието

односно надградбата, да не се наруши ритамот на фасадите кои што ги имаме, рамниот кров односно надградбата да биде повлечена три метра од сите странични фасади и шест метра од предната фасада, токму поради тоа да не биде видлива кога ќе се застане во близина на Собранието освен од авионска проспекција.

Врз основа на тоа почитувани колеги го распишавме конкурсот, стигнаа идејни решенија и Комисијата одлучи, бидејќи никој до крај не ги исполнуваше во целост естетските критериуми или имаше недостаток во документацијата кој што не го нарушуваше дигнитетот на проектот, Комисијата одлучи да се додели една втора награда со која што беше награден трудот број 2 и останатите кои што ги исполнуваат критериумите да бидат наградени со третата награда затоа што некои од нив имаат добри решенија за овој внатрешен простор каде што треба да се градат сали и така да може да се учествува и да се направи она за што се залага Управата за културно наследство. Сега ќе ви прочитам еден од заклучоците на оваа Комисија.

Комисијата посебно подвлекува, што се однесува до наградената дело, дека единствено ги исполнува предвидените и јасни насоки за заштитно конзерваторските услови издадени од страна на Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура на Република Македонија и т.н. и т.н.

Постапката продолжи понатаму и дојде до фаза кога што требаше да се направи проектната програма и да се распише конкурсот за проект или тендерот. Каде што се парите тогаш настануваат недоразбирање. Се додека не се во игра парите, некако полесно се договараме и тука парламентарното мнозинство во нивни стил почна да се обидува да ги надгласува останатите членови, се со една единствена цел, да го изигра Законот за заштита на културното наследство, гласан токму од ова парламентарно мнозинство од овој парламентарен состав, не во минатото, не во некој комуњарски систем како што милувате да кажете, туку токму од вас почитувани колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Сакате да го изиграме тој Закон. Законите почитувани колеги пратеници се носат за да се почитуваат, Законот за заштита на културното наследство се носи за да го штити културното наследство и тоа не само да го штити од забот на времето и останати работи, туку да го штити и од политички влијанија. Сега не го почитуваме Законот со една единствена цел и тука политиката да влезе на мала врата и тука да имаме силно политичко влијание врз спроведувањето на Законот.

Поради тоа од Комисијата се повлекоа пратениците претставници на опозицијата и можеби тоа и не е толку страшно, барем за парламентарното мнозинство, но се повлече и претседателот на Асоацијата на архитектите и не само што се повлече тој туку целата Асоцијација на архитектите почитувани колеги застана заднего и тиа кажаа не, ние нема да делегираме член затоа што не се почитува ниту она што првично се договоривме ниту поради тоа што не се почитува Законот за заштита на културното наследство.

Поради тоа владеачкото мнозинство најде едноставно решение, ако не сака Асоцијацијата бидејќи Здружението на архитектите на Град Скопје размислува као што размислуваме ние односно два тројца таму размислуваат така, покрај Вангел Божиновски ќе си кооптираме уште еден член и ќе направиме како што ќе рече мојот почитуван колега Трајко Вељановски, ние сме власт ќе си правиме тоа што ни се допаѓа. Значи, ќе си направиме тоа што ни се допаѓа. Ајде и тоа да речеме дека не е страшно.

Се повлекува претставникот од Управата за заштита на културното наследство. И, бидјеќи почитуваниот колега Паско Кузман не може да убеди ниту еден од колегите во најголем случај таму се доктори и магистри на науки да си земе на душа, да погази на она цело што го има претходно речено и работено за што е и едуциран најде исто така одлично решение и се предложи самиот себе си затоа што тој е познат по принципот функционира, маж рекол, маж одрекол, па така ако се потпишал овде дека не треба рамен кров ништо не му е тешко, како што ќе се каже добар маж на зборот не стои, сега да се повлече од тоа што го рекол, од тоа што го потпишал и да каже наместо да се почитува Законот за културно наследство, наместо да се почитува првото мислење потпишано од него, сега ќе правиме нешто што му е по волја на некој од политичката елита од врвот на ВМРО-ДПМНЕ. Јас не прејудицирам кој е тој иако се шпекулира со два тројца личности, но ајде и тоа да го оставиме на страна, меѓутоа колеги пратеници мислам дека очигледна е желбата за градење на куполи насекаде во Република Македонија, особено во центарот. Па, ви предлагам, наместо да градиме 20-тина куполи, можеме целиот овој мал ринг да го покриеме со една купола и да го решиме проблемот ем желбата исполнета на политичката елита од ВМРО-ДПМНЕ ем на пешаците кога ќе поминуваат тука нема да бидат изложени на неприликите на времето.

(Реакција на некој од пратениците во салата)

Тоа ќе се договориме лесно, ова да го завршиме, а проблемот што сега го имаме.

И колегата Паско Кузман после изјавата дека Куршум Ли Ан е споменик на културата и тој треба да им припаѓа на сите граѓани на Република Македонија, таму да остане лапидариумот кој што од секогаш бил таму, и оние кои што сакаат да ги видат покрај изложените скулптури пред Владата, Македонија има уште многу такви и се наоѓаат токму во тој лапидариум како од нашата земја так аи луѓето кои што наоѓаат однадвор, да можат да го направат тоа да појдат да го видат, господинот Паско Кузман го менува првото мислење и вели не, Куршум Ли Ан не е споменик на културата тој и припаѓа на Владат аи Владата ќе прави што

сака. По оваа логика утре можеме секој од нас да побара да се всели во по еден споменик од културата. Малку би било можеби не многу угодно, но барем ќе бидеме опкружени со предмети, фрески, витражи и т.н. кои што имаат високи естетски вредности.

Почитувани колеги пратеници, знам дека темата можеби за многумина не е интересна, меѓутоа е многу сериозна. Мислам дека за некои работи може да се применува тоа, ние сме власт, ние ја имаме одговорноста за водење на државата и сметаме дека треба така да се направи. Но, кога е во прашање нешто што го правиме да го оставиме не само за нас туку и за идните генерации, нешто што не се менува потоа со еден амандман или со Предлог закон за измена на Законот, мислам дека треба да бидеме многу повнимателни, дотолку повеќе што во таа Комисија учествуваа претставници на парламентарното мнозинство и тие се согласија дека треба да се почитува одлуката за заштита на културното наследство. Јас тука ќе прекинам, си го земам правото да продолжам со дискусија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувана госпоѓо вице премиер на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека колешката имаше исцрпно излагање, (дофрлување на еден пратеник) и пак треба да се јави господине Александар затоа што проблемот е сериозен, не е така не сериозно за да поминеме само на чин на донесување на една одлука, која што ќе биде изгласана од мнозинството во овој Парламент ипак работите ќе си течат каоко што си течеа и во претходниот состав на Комисијата за изградба, надградба на Собранието на Република Македонија.

Јас како поранешен член на оваа Комисија од пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз во која што беа присутни и членови од сите парламентарни групи имавме единствен заклучок на првиот состанок на Комисијата дека неопходно е да имаме надградба на собраниската зграда. Таа надградба требаше да биде во согласност со законите за културно наследство и во согласност со мислењето дадено од Управата за заштита на културното наследство. Меѓутоа, првите проблеми настанаа уште при првиот состанок каде што беа повикани членови од претходниот состав на Комисијата и ние како нови членови на Комисијата за надградба на собраниската зграда. Се ќе беше во ред доколку не надвладееа партиските заложби на мнозинството во собраниската Комисија за надградба на Собранието. Се ќе беше во ред до колку надвладееше разумот,а не желбата на некој во негово време на оваа зграда да стави куполи. Не се почитуваше мислењето на предложениот член на Комисијата за надградба на Собранието од страна на Управата за заштита на културното наследство ниту пак сакаа да се земат во предвид мислењата дадени од Асоцијацијата на архитекти на Република Македонија. Се беше ставено во подредена улога, се беше ставено под капата на некои моќници во оваа собраниска сала да одлучат како да изгледа Собранието на Република Македонија во иднина.

И таа Комисија во која што јас бев член требаше да биде само параван за да некој се затскрие зад одлуките на таа Комисија.

Почитувани колеги, се расппиша конкурс за идејно решение за надградба на собраниската зграда. Тоа идејно решение го ренгиравме како го рангиравме, донесовме Одлука, за идејното решение втората награда беше доделена, наградата се подигна, а третите награди останаа трети награди и се беше задоволено. Прва награда не се додели. Почитувавме мислење и на Управата за заштита на културното наследство, почитувавме мислење и на Асоцијацијата на архитекти, меѓутоа имаше еден проблем во кој што таа одлука за доделување на втора награда ја донесовме со надгласување. И, така беше и така остана. Меѓутоа, луѓето кои што раководат со овој законодавен дом, луѓето на кои што ветиле на одредени луѓе од градската Асоцијација на архитекти дека над ова Собрание ќе има куполи не им значеше ништо Одлуката донесена од страна на Комисијата за идејно решение за надградба на Собранието на Република Македонија, туку пред се им беше што ќе кажат поедини членови на таа Комисија, пред се на господинот Вангел Божиновски.

И ако беше единствената цел да се задоволи желбата на Вангел Божиновски, а воедно и на претседателота Собранието на Република Македонија тогаш немаше потреба да постои Комисијата за надградба на собраниската зграда. Таа комисија беше само еден инструмент во кој што и претседателот и господинот Вангел Божиновски сакаа да се задскријат зад одлуките на Комисијата за надградба на собраниската зграда. Тоа беше причина за да не учествувам повеќе во работата на Комисијата за надградба на собраниската зграда.

Кога сев спремаше да се расише конкурс за проектна документација за надградба на собраниската зграда тогаш беше ставено дека Собранието треба да има куполи. Верувајте ми, ќе останев член на Комисијата доколку кога не избраа за членови требаше да ни кажат дека во рамките на Собранието ќе имаме црква за да пратениците можат да се молат во Собранието, а не да одат во Соборниот храм или во црквата Свети Димитрија, барем ќе им биде поблизу и тука можат да ги обавуваат верските обреди.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да не ги навредувате верските чувства на некои пратеници.

**Влатко Серафимов:** Не ги навредувам господине претседателе.

Многу полесно ќе беше и за мене како православен верник да не одев во Соборниот храм, туку да имаше црква во Собранието.

Немаше да се повлечам доколку ми кажевте дека ќе ставите восочни фигури и пред Влезот на Собранието, за да биде автентично на Владата на Република Македонија. Зошто тоа не го кажавте. Ако го кажевте тоа ќе си останевме членови, ќе гласавме по ваша волја и ќе бевме сите задоволни, а најповеќе ќе бевте вие задоволен и господата од градската асоцијација на архитекти на Република Македонија. Затоа, почитувани колеги денеска ќе се донесе одлука за нова Комисија. Таа Комисија ќе биде во функција на одредени луѓе. Таа Комисија ќе биде во функција на поедини луѓе кои што сакаат и имаат желба овој законодавен дом да има куполи, да се наруши културното наследство на Република Македонија. Замислете како ќе изгледаат другите заштитени споменици на културата кога Собранието нема да биде заштитено од страна на пратениците на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Положани, имате збор.

**Азис Положани:** Ви благодарам господине претседателе.

Мислам дека беше добар момент да земам збор и да кажам неколку збора во врска со оваа точка.

Единствена причина во моментот кога се расправаше на една претходна седница за потребата или за започнувањето на постапката за конкурс за исполнување на оваа комисија ние имавме една добра расправа овде во овој Парламент каде учествувавте и вие господине претседателе на Собранието и каде се потрудивме да расчистиме некои дилеми во врска со пропозициите за овој предлог.

Ние се согласивме, потребата за доградбата и надградбата на Собранието за пратениците е навистина нешто неизбежно и потребно.

Иницијативата за да се оствари нешто такво исто така и доделувањето на финансиските средства е добар момент да се реши просторниот проблем во Собранието и во сето ова нема ништо лошо, туку напротив ќе произведе подобри услови за работа и поефикасен парламент.

Исто така се согласивме господине претседателе, дека ние секако имаме потреба да преиспитаме одредени елементи и од минатото и од аспект на културното наследство се со цел да отстраниме некои идеолошки инфаркт или симбол кој да го наречам не толу прифатлив кај нас и да изнајдеме по соодветни решенија и фактички на тие решенија да ја дадеме пораката од денешно време. Порака од еден демократски плурализам, порака на една мултиетничка држава, на едно мултикултурно општество кое фактички ќе биде во умот на тие кои треба да размислуваат за ова прашање.

Кога успеав малку или повеќе да се поколебам во некои мои предрасуди или мои судови, мислења, имајќи го во предвид и тоа што го кажавте вие јас почнав да верувам дека навистина некои работи ќе течат во таа насока, но по оваа точка сакам да кажам дека работите по се изгледа не се за да им се верува дека одат во таа насока туку напротив има тенденција за која јас моето загрижување го кажав уште на минатата седница.

Оваа тенденција се потврдува денес со одлуката на Владата која без никаков урбанистички предуслов или законски услови за една иницијатива за изградба на Центарот на плоштадот во Скопје, фактички да се отвори еден меѓународен конкурс и тоа со едно образложение не толку убедливо со потписот на заменик министерот за култура, а не со потписот на министерот и во оваа прилика не чекајќи Владата да се произнесе и за иницијативата за можноста врз исто начело и за иста цел и за истата порака да се произнесе и за изградбата на една џамија која е побарана од Исламската верска заедница, кое е барање и потреба кое ги исполнува истото начело кое е, верувам мотивирано и за изградбата на црквата за кое доколку е засновано врз начела кои одрасуваат грижа за верските заедници и верниците, промоција на културните вредности и религиозните вредности на нашите граѓани, но од друга страна и мултикултурата и заедничкото културно наследство на културата во Македонија јас лично немам ништо против, но од тоа што слушаме и од тоа што вчера или завчера на седница побаравме информација од Владата да се произнесе за оваа работа, а немавме информација по тоа прашање дозволете ми да го искажам мојот сомнеж дека ова настојување или тенденција е штетна тенденција и дека иницијативата за редизајнирањето на овој законодавен дом не се прави со цел за испраќање на порака која е карактеристика на ова време и на оваа Македонија во која живееме денес, но имајќи ги во предвид членовите на оваа комисија, двајцата членови кои се предложени сакам да верувам дека и покрај тоа Владата има цели и намери кои што се секаков во спротивност со начелата и обврските кои ги преземавме од меѓународните институции.

Затоа господине претседателе дозволете да кажеме дека ние нема да го поддржиме овој предлог. Не дека имаме предрасуди за стручните аспекти на едниот, на другиот или третиот кандидат или член на оваа Комисија, но за самиот факт дека постепено оваа комисија се редуцира во послушни луѓе на Владата и се оддалечува од потребата од еден поширок консензус за да се редефинираат овие прашања е нешто што ја оштетува и целта и е на штета на другите димензии за кои ние во Македонија сме се произнеле дека ќе ги поддржиме и ќе бидат на еден начин начело и принцип на нашето дејствување и во културниот живот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас господине Положани.

Вашите права не ги спорам, но мислам дека најскората иднина ќе ги оспори на наше заедничко задоволство вашите сомнежи.

Повелете госпоѓа Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас се извинувам меѓутоа не ја доврших мојата дискусија и поради тоа сакам да завршам таму каде што застанав. Не ја заврших затоа што не бев во можност во тој момент поради здравствени причини.

Начи, продолжува од онаму каде што застанав почитувани колеги.

Јас објаснив зошто се повлекоа членовите од работата на оваа комисија. Објаснив што беше тоа да не натера да не учествуваме понатаму во работата, а ќе зборувам уште еднаш затоа што ова е последната можност пред Собранието да кажеме нешто во оваа насока. Од овој момент натаму, откако ќе се изгласаат овие членови се ке се одвива малтене исто како да е во четири очи, затоа што буквално немате учество на ниту еден кој што има желба да го почитува Законот за културно наследство, Законот за просторно и урбанистичко планирање, туку ќе имаме членови кои што единствено ќе имаат желба да го почитуваат она што го бараат од нив одредени личности од високите политички елити на ВМРО ДПМНЕ.

Почитувани колеги пратеници,

Доколку вие ја изгласате оваа одлука значи гласате против она што го изгласавте во Законот за заштита на културното наследство, гласате за нешто кое што покрај тоа што нема да се вклоупува во мислењето на Управата на Законот за културно наследство, нема да претставува ни нешто многу значајна естетска категорија, туку напротив ќе го наруши изгледот на ова Собрание, затоа што мислам дека ова Собрание ниту во овој момент има изглед, ниту има архитектура со асални решенија која што заслужува да биде надвишена со купола.

Почитувани колеги пратеници,

Да направиме надградба за онаква каква што сите се согласувавме. И бидејќи не сум убедена и дека уште пет пати да се јавам за дискусија ќе успеам да ве разубедам вас не ми останува ништо друго освен да ги повикам новоизбраните членови, имаме и една промена од членот на парламентарното мнозинство, наместо господинот Благој Зашов гледаме дека е тука Иван Анастасовски, морам да кажам дека господинот Благој Зашов беше единствен од парламентарното мнозинство кој што имаше некои дилеми околу ова решение. Не велам дека беше против но кај него се јавуваат дилеми дали е најдборо решение да не се почитува мислењето на управата и да не се почитува Законот за заштита на културното наследство и Законот за просторно и урбанистичко решени и по желба не некои Собранието да биде надвишено со куполи.

Почитувани колеги пратеници,

Ми останува уште да го повикам почитуваниот колега Паско Кузман да почне да го почитува законот. Впрочем, тој е директор на Управата за заштита на културното наследство. Од овој момент па натаму да го заштитува културното наследство не само од она што го прави времето, сметам дека горе долу во таа насока добро си ја обавува функцијата, но да собере можност и храброст да го заштити културното наследство од политички влијанија. За жал во последно време не го прави тоа. Ја кажав неговата изјава во однос на Куршумли ан, дека тоа е споменик на културата и им припаѓа на сите граѓани на Република Македонија, Македонци, Турци, Албанци, Срби, Роми итн, и припаѓа на сите оние кои што ќе дојдат да ја видат Република Македонија и да понесат впечатоци од нејзе. За жал го погази тоа свое мислење и кажа да, може, таму да биде сместен Институтот за албанологија. Без разлика кој институт ќе беше сместен, не затоа што е за Албанологија, можеше да биде и за Турска култура, и за Ромска култура и за Македонска култура, сметам дека тоа е споменик на културата и не смееме да си играме со таквите работи.

Значи, го охрабрувам господинот Паско Кузман овој пат да си го почитува своето мислење, да се спротивстави на притисоците кои што ги има, затоа што инаку не можам да гледам ако се повлекува на оваа работа, ако членот, претставникот од Управата се повлекува од учеството во оваа комисија, а покрај другото ќе ви прочитам конкретно што беше покрај другото усвоено на Комисија. Вели: “Проблематични се куполите предвидени во трудовите под реден број 1 и 3 бидејќи истите не претставуваат рамен кров”, како што истакна претставникот од Управата за заштита на културното наследство. Основна интенција, почитувани колеги на Управата во однос на надградбата беше пред се истата да не биде видлива од надворешноста и сега веќе одиме во однос на доградбата, внатрешниот дел каде што се остава поголем простор, значи да не биде видлива и да биде со рамен кров.

Почитувани колеги, сите овие промени и измени што настануваат со една единствена цел безмилосно да се трошат парите на граѓаните, непотребно да се надвишува Собранието со куполи, спротивно од Законот за заштита на културното наследство, спротивно од Законот за просторно и урбанистичко планирање, спротивно од размислувањата на еснафот кој што го кажа своето мислење преку асоцијацијата, спротивно од законските рамки донесени во ова Собрание се со една единствена цел да се исполни одредена желба на некој што има визија дека Собранието во овој момент треба да има куполи.

Бидејќи и овде не сум сигурна дека моите зборови ќе допрат до новоизбраните членови,

членови кои што ќе ги изберете на оваа седница последно што ни останува, а надежда е таа што последна умира дека Владата во нејзин стил расккопувајќи го Скопје на повеќе места, почнувајќи со изградба на театарот од кој што не видовме ама баш ништо освен свечено положување на камен темелник, исто така почнувајќи, нереализирајќи ја идејата за Музејот на ВМРО ДПМНЕ и тој сеуште е во почетна фаза да ни остане надежта дека исто така ќе се случи со Собранието, дека ова е само дел од нејзината кампања, дел од нејзиниот маркетинг и ќе си остане само на донесување на оваа одлука и распишување на тендерот. Не знам тоа како ќе се заврши околу тендерот, кога се парите во прашање поинаку се размислува, но надежта е таа и ни останува надежта дека нема да се успее до крај да се реализира оваа замисла и дека ќе се направи само онака како што се залагаат сите пратеници без разлика од која политичка партија доаѓаат, да се овозможи подобра работа, функционирање на Собранието, а со тоа и поголема независност на пратеничкиот дом.

Почитувани колеги, пред да го стиснете копчето за овие членови размислете зошто токму тие се наоѓаат на оваа листа. Ако не знаете јас ќе ви кажам, тие се тука не да работат во согласност со нивната стручност и компетентност, затоа што верувам дека и двајцата се стручни и компетентни, туку се тука за да ги исполнат желбите на некои од политичката елита на ВМРО-ДПМНЕ. Не можеме да си играме со културното наследство како што која партија ќе дојде на власт да си реализира свои проекции, непочитувајќи го законот. Ова е многу сериозно прашање, им благодарам на колегите кои беа тука и го сослушамандман, можеби во овој момент не засега голема група на граѓани, освен во насока која се трошат нивните пари безмилосно, затоа што морам да ви кажам дека подигањето на купола и нeефтина работа. Тое е еден од најскапите архитектонски проекти и се трошат безмилосно нивните пари, но верувајте правиме нешто што апсолутно во овој момент не ни треба. Оваа земја во овој момент има поголеми приоритети. Слушнавме сите, имаме голема надеж за нашата земја, сме така речи не пред портите, туку можеби со една нога веќе сме во НАТО, имаме голема надеж и во насока на европерспективата треба да исполниме одредени критериуми, а за тоа ни треба сериозна и посветена работа, како од страна на Владата, така и од Собранието. Не ни требаат во овој момент куполи кои што ќе бидат реализирани затоа што само на некој така му се допаѓа. Всушност и на тој што така му се допаѓа, верувам дека и тој нема основна претстава што значи куполата и симболиката, но не сакам да го злоупотребувам времето и да се вратиме сега овде. Не значи дека ако Бундестагот е надвишен со купола дека ние исто така треба да направиме купола. Од европските земји треба да ги земаме работите што се добри, а она што ние го имаме подобро, а ние имаме нашите естетски критериуми се вдахновени од средновековната архитектура и сликарство и се многу повисоки од нивните. Ние тоа треба да им го наметнеме.

Ве молам почитувани колеги, ова не е говор како што реков апсолутно за никаков политички маркетинг, сакам да допрам до вашата свест и спротивставете се на една идеа која што, извинете ми, ама на крај ќе ја наречам сулуда. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Анастасовски со вашата реплика.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

Бидејќи имаме во повеќе наврати во овој парламентарен состав реплицирано или разговарано со колешката Роза Топузова Каревска и за многу работи сме се сложувале. Јас го почитувам нејзиното мислење и ставот на двапати од говорницата кој го изнесе по однос на точката од дневниот ред, иако ние имаме сепак предлог на одлука за именување на собраниска комисија за надградба на Собранието во која што учествуваше почитуваната колеша, а сепак се отвори материјална расправа, се разговараше конкретно за одредени предлози кои одеа во таа насока. Значи, сакам да кажам дека го респектирам апсолутно мислењето на колешата и од нејзин стручен аспект што го објасни од говорницата, би сакал само едно појаснување. Спомна дека се врши една замена во самиот состав на Комисијата и јас доаѓам на место на колегата Блајој Зашов, кој меѓувреме стана потпретседател на Собранието и тоа место во Комсијата се ослободи и на негово место, какви се приликите во Собранието колешќе Роза и вие тоа добро го знаете, партијата која го има тоа место делегира друг свој пратеник од редовите на пратеничката група и сега на местото на колегата Благој Зашов дојдов јас, иако не сум стручен во таа област да бидам искрен и отворен. Затоа говорам дека ги почитувам и ги респектирам аргументите и фактите кои ги понуди од говорницата колешката Роза Топузова Каревска и сакам да ја уверам овде, бидејќи јас ќе гласам за оваа комисија, сакам да ја уверам. Таа изнесе одредени видувања за работата на колегата Благој Зашов, јас ги сфаќам и во позитивна конотација, нека ме исправи ако погрешно сум разбрал, дека колегата Благој Зашов имал коректен однос во работата на таа Комисија и јас можам тука да ја уверам за она како работел и како учествувал во таа Комисија господин Благој Зашов, тоа ќе го правам јас. Апсолутно приоритет и обврска за мене, бидејќи сепак ние сме тие кои ги носиме законите во Република Македонија, апсолутно и да ги почитуваме, така што ова е едно само мое образложение по однос на оној дел каде што колешката Роза говореше за промената во самата Комисија. Еве, колешке, апсолутно ве уверувам дека на таа линија, она што го кажавте

и за колегата Благој Зашов, ќе работи Иван Анастасовски. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете, госпоѓо Роза Топузова Каревска со вашата контра реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас бидејќи сум вистинољубив човек и морам да кажам дека навистина моето излагање во однос на работата на колегата Благој Зашов беше во крајно позитивна конотација. Не изразив во ниту еден миг сомневање дека зад неговата промена и смената со почитуваниот колега Иван Анастасовски се крие нешто лошо, туку го сфатив како едно техничко решение поради сите обврски што сега ги има почитуваниот колега Зашов. Но, го охрабрувам господинот Иван Анастасовски да продолжи и да работи според своето убедување, без разлика какво и да е и според мислењето на стручната и компетентна јавност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Грковска Славица, повелете со вашата реплика на излагањето на Роза Топузова Каревска.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Госпоѓо Роза Топузова Каревска, вие рековте дека ви останува само надежта дека нема до крај да се реализира оваа идеа. Јас сакам да ви препорачам дека имајќи предвид начинот на кој што владее Владата на ВМРО-ДПМНЕ изминатава една ипол година, мислам дека не ви останува ни малку можност за надеж дека она што е предложено нема да се реализира, заради тоа што во изминатата една ипол година гледаме владеачка гарнитура која што е во својот филм за дезидеидеологизација на државата. Заради што го менувавме законот за државни празници, заради што на предлог на Владата со кадровски решенија ставаат партиски луѓе кои што можат да се контролират и благодарение на кои се губи независноста на институциите. Политика која што се обидува на секој начин мимо Уставот да го смени општестевното уредување во државата и сите независни институции да ги стави под контрола на премиерот Никола Груевски. Затоа, не се согласувам со вас дека веќе ни останува надеж, туку напротив веќе не треба да имате илузии дека она што како процес се случува во изминатава една ипол година во Република Македонија, а тоа е воведување на класично апсолутистичко владеење на премиерот Груевски, полека но сигурно се реализра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Роза Топузова Каревска, повелете со вашата контра реплика од една минута.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувана колешке, мојата надеж реков ја темелев исклучиво врз основа на положените пред една година и повеќе време, камен темелници на театарот, на музејот на ВМРО и да не набројувам уште објекти со оглед на времето кои што досега ништо повеќе од камен темелници и раскопани дупки немаме од нив. Значи ја темелев врз тоа како што се почна таму, само со една единствена цел да се направи политички маркетинг како дел од програмата на постојаното сликање на оваа Влада беа само камен темелници така ми останува надежта дека и ова ќе биде само едно маркетиншко решение, а нема да ја види светлината на денот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Додовски повелете имате збор.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, јас само би сакал уште еднаш да повторам мојот став кој на неколку наврати по оваа проблематика го имам искажано. Јас сум против тоа да има било какви корекции на постојната зграда на Собранието на Република Македонија. На неколку наврати имав искажано дека и оние интервенции кои беа направени на влезовите како главниот така и споредните веќе го имаат нагрдено ликот на зградата на Собранието на Република Македонија и секогаш сум го застапувал предлогот за да се разгледаат оние алтернативни можности за искористување на околните згради околу Собранието и нивно ставање во функција за работа на Собранието и на сите работни тела на Собранието и она што се нарекува тековна работа на Собранието. Тука е зградата на Статистика, тука е МНР, тука е домот на АРМ.

Сега би напоменал уште една работа. Сите пратеници кога доаѓаме овде во кругот на Собранието, посебно кога имаме пратенички прашања или кога имаме некоја меѓународна делегација, се судруваме со едне невиден сообраќаен хаос околу Собранието. Како едно алтернативно решение во јавноста беше презентирано дека наводно постои можност да се гради катна гража на местото каде што сега постои паркингот во делот на Собранието  и тоа на некој начин дополнително и ќе го нагрди просторот. Вакво решение за дополнително доградување, надградување и корегирање на оваа зграда само ќе нанесе дополнителни и гужви и нефункционалност на Собранието. Верувајте од она што можам да го видам повторно ќе има недостаток на простории и повторно ќе дискутираме за алтернативно решение. Па, повторно ќе гледаме дали ќе можеме да ја користиме зградата на Статистика, АРМ, МНР или некои други решенија. Тука е колегата Иван Анастасовски како нов член на Комисијата и верувам дека сите овие наши укажувања ќе ги пренесе на работата група, така што колега верувам дека ова што го кажуваме во овој момент ќе биде презентирано на тие средби и верувам дека ќе се дојде до некакво ново решение по однос на овој проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, пред да го заклучам претресот сакам и јас да кажам три збора.

Дозволете почитувани колеги, да забележам две три нешта.

Прво, едно релативно безначајно нешто. Тука се изразува необична аверзија кон поимот купола и кон феноменолошката реализација на тој поим купола на тој поим, не знам зошто. Инаку, говорам како експерт.

Ние под купола, додека говориме против куполите сме под една купола. Погледнете горе, ќе видете дека сме под купола. Ние сме опкружени со четири сегменти можаични кои се математички пресек на куполата средновековна. Ние сме опколени со дванаесет лустери кои се обратни куполи. Симболот не претрпува никаква радикална промена кој е обратно поставен, тоа е пак тој симбол. Значи, водиме една дискусија слична на метафизичката дискусија многу позната од средниот век. Водиме дискусија колку ѓаволи можат да седнат голи на врвот на иглата.

Што се однесува до нашето мултирелигиозно човештво ако треба некаде естетски да бараме урнек апропо дискусијата, не треба во Германија. Најдобриот естетски урнек каде што се синтетизирани совршено Исламот и Христијанството е Аја Софија во Цариград, во Стамбол. Погледнете ја Аја Софија, останата е цела додадени се 4 кули кои служат да се издигне минарето. И, токму така како што учењето на Мухамед има многу елементи од Исус, така и тој капитален Храм кој што е посветен на Св. Софија, толку и тој има елементи на симбиоза. Според тоа, нема никакви религиозни конотации, најмалку политички конотации и нема никаков доказ дека ќе има куполи. Каде е тој доказ. Ние допрва ќе расправаме за изгледот, допрва ќе имаме дискусии. Јас еднаш реков дека макетата ќе биде тука донесена како макета и тогаш можеме да распараваме. Сега, навистина, не е време. Благодарам.

Повелете гопоѓо Топузова имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, навистина или не сте ја слушале мојата дискусија, почитуван претседателе, па или сакате да направите некои размени на тези или сакате да ги извртите зборовите кои што јас ги реков.

Почитувани колеги, не е точно дека некој има анимозитет кон зборот купола. Апсолутно ниту кон зборот, ниту кон поимот, ниту како решение архитектонско. Овде се говореше дали на ова Собрание му е потребна купола, затоа што не јас, и Управата за заштита на културното наследство вели така, не купола. Зошто вели не купола, затоа што на ова Собрание, со овој изглед кој што го има се смета дека не може да му одговара купола. Треба да се зачува автетичниот изглед. Колку јас сум воодушевена од изгледот на Собранието и дали навистина сметам дека е многу убаво или не убаво, тоа останува за мене. Тоа е најмалку важно. Но, Управата на заштита на културното наследство вели дека не треба да има купола, туку треба да се почитува она што го имаме. На крај краева на секо нешто не може да му одговара секој архитектонски елемент. Имаме правила кои што се и се извинувам почитуван претседателе, што се однесува до Германија, погрешно сте ме разбрале и до Бундестагот. А и како ќе ме разберете кога и не ме слушате претседателе. Еве и да сакам да ме разберете вие не ме слушате како можете да ме разберете. И ве молам, за Бундестагот не сте ме разбрале. Јас не реков како позитивен пример да го земеме напротив јас реков не ни треба примери од германскиот Бундестаг. Јас зборував што значи на оваа наша Македонија, дека имаме високо изградени естетски критериуми и тоа засновени од средновековната архитектура, средновековното сликарство. Јас говорев дека Македонија точно на секаде има куполи и тоа куполи кои што се во склад со објектот што ги носи тие куполи и не треба како вие што спомнавте Св. Софија, јас сега повторно треба да го спомнувам Св. Пантелемон кој што има не една туку пет куполи и апсолутно е едно од најбисерите на средновековната архитектура претставува не во Македонија, не на Балканот, туку многу пошироко. Значи немаме против куполите, најмалку сакам да ми се препишуваат такви дискусии, не сметам дека ние треба да земаме решенија од Запад, затоа што имаме подобри илјадници пати примери овде и тоа го кажав, туку реков дека треба да го почитуваме мислењето на Управата за заштита на културното наследство и Законот за заштита.

И сега сосема на крај, ве молам да не бидете контрадикторни. Каде видовме куполи. Еве, го почитуван претседателе, проектна програма и распишување на тендерот за проектна програма. Таму стои средишниот дел да биде надвишен со купола и понатаму, читам, две сали на ќошињата на делот на главниот влез покриени со куполи. Значи вкупно да имаме три куполи на Собранието. Јас ниту го измислив ова, ниту сум човек кој сака, кога е во прашање културното наследство, да говори нешто што не е вистина и да прави политички маркетинг. Почитуван претседателе, 20 години од својот живот сум посветиле на оваа тематика и ако ништо друго треба да имаме респект кон она што самата сум го работела и да не правам маркетинг и да кажувам нешто што го нема. Еве го документот, можете да го погледнете вие, може да го погледнат медиумите, новинарите. Се вика проектна програма за изработка на проектна документација за доградба, надградба и адаптација на објектот на Собранието. Тоа значи веќе распишување на тендерот, кој ќе ги изведува работите и ќе го направи проектот и тука меѓу другото стојат овие три куполи. Тоа беше мотивот што јас се откажав од работа во Комисијата. Инаку ми претставуваше особено задоволство да учествувам во Комисијата. Тоа беше мотивот, не затоа што ќе има куполи, да не ги извртуваме работите, туку затоа штоне го почитуваме Законот за заштита на културно

наследство кој ние сме го донеле и не го почитуваме мислењето на Управата за заштита на културно наследство. Јас мислам дека една најобична работа што веќе и малите деца разбраа што сакам да кажам, се правиме овде дкеа не се разбираме што сакаме да кажеме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јавува господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе,

Чувствувам потреба многу накратко да се вклучам во дискусијата, како член на Комисијата.

Денешната точка на дневен ред претставува вклучување на нови членови на Комисијата од едноставна причина.

Членовите кои доброволно дадоа оставка и веќе не се членови на Комисијата, а Комисијата да може полноважно и ефективно да работи, мора да бидат вклучени нови членови. Тоа е потребата и тоа е причината заради која е свикана и е ставена оваа точка на дневен ред.

Инаку би сакал да напоменам дека без копирање на нови членови Комисијата ќе се судри со опструкција која е повеќемесечна и неможноста да се свика Комисијата и единствената причина зошто постапката околу спроведување на одлуката е запрена онаму каде што е запрена. До каде дојде Комисијата:

Комисијата, согласно Законот за јавни набавки распиша јавен повик за проектирање. Тоа значи дека во овој момент Собранието сеуште нема техничка документација односно нема проект како ќе изгледа идната надградба, доградба и реконструкција на Собранието. Тоа значи дека денешната точка се употреби за да се навледе во материјална расправа за изглед за кој воопшто никој не знае ни каков ќе биде.

Врз основа на некои петпоставки на претходните дискутанти, беа развивани тези во правец на тоа како ќе биде идејното односно главното решение преточено во техничкиот проект. Меѓутоа, заради појаснување би сакал уште еднаш да повторам. Во овој момент Собранието нем атехничка документација. Повеќе месечната блокада на Комисијата е само заради неприсуство на членовите. До колку имаше можност да се состане и во рамките на таа Комисија да се развијат вакви дискусии, тогаш можеби ќе дојдевме до некои решенија за кои и самите дискутанти се залагаа. Меѓутоа, да не се доаѓа на седница на Комисија, да се бојкотира, во исто време да се прави опструкција, а сега овде да се отвараат материјални расправи за тоа кој што мисли околу идниo тизглед на Собранието, за кој сеуште никој не знае каков, најблагоречено е демагогија.

Јас искрено се надевам дека после изборот на членовите на Комисијата и нејзиното комплетирање, Комисијата ќе може да работи во најкраток можен рок и да пристапи кон разгледување на понудите за изготвување на техничката документација. Дури тогаш, после изборот на проектантот ќе можеме да разговараме за конкретен проектант и она што ќе треба да се преточи како главен проект. Се дотогаш се само претпоставки, се дотогаш е само трошење на време. Јас искрено се надевам дека овој состав на Собранието ќе најде внатрешна сила да ги изгласа овие членови, да дозволи Комисијата да проработи и со тоа да се пристапи кон надградбата на Собранието, со самото тоа да се создадат и тие толку очекувани просторни услови, сите пратеници да добијат простории за работа и со тоа да се освои и одлуката која е изгласан аод Собранието. Тоа е изградба, наградба, доградба и реконструкција на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Не е чесно да ја лажете македонската јавност. Пред се вие не сте член, вие сте претседател на оваа Комисија. По ваше диригентска палка се случуваат сите работи внатре.

Не е точно дека не сме доаѓале. Погледнете ги записниците. Доаѓавме, учествувавме, тоа што сега го дебатирав го кажувавме и таму, но за жал тие комисии не се пренесуваа и не можеа да дојдат до ушите на јавноста и затоа вие бевте толку самоуверени да кажете не ни треба Асоцијацијата  на архитектите, не ни треба еснафот. Не зборувам поушално. Еве ја пред мене проектната прорама. Кога ја добивме оваа програма во која стојат сите три куполи, една голема и две помали, тогаш ние, значи членовите, јас, еве за себе зборувам, тогаш и претседателот на Асоцијацијата на архитектите реагираше, и цело Здружение реагираше, ајде не е важен претседателот, цело Здружение писмено ви достави материјал, реагираше на тоа дека не се почитува одлуката на Управата за заштита на културното наследство и се распишува конкурс односно проектната програма е пред нас. Овој документ ја сне го измислив, вие ми го доставивте почитуван претседателе на Комисијата. Вие ми го доставивте и јас се откажав од работата врз овој документ. Инаку мене ми претставуваше задоволство да работат, ако работевме во рамките на почитување на Законот за културно наследство, во рамките на почитување на Законот за просторно и урбанистичко планирање и ако работевме онака како што од почетокот се бевме договориле, да се почитуваме. Поради тоа се повлече и членот од Управата за заштита на културно наследство. За што друго се повлече, затоа што и беше тешко да дојде? Таа редовно присуствуваше на седниците. Немојте да ги омаловажуваме луѓето. Немојте така соневидена леснотија да пласирате лаги пред македонската јавност. Бевме присутни на Комисијата, работевме се до моментот додека не го добивме овој материјал, се обидовме да дебатираме, пет часа се убедувавме дека не е добро да се распише конкурсот ова да биде проектната програма, дека не е добро да

работиме без претставник на Управата за заштита на културно наследство, меѓутоа за вас беше поважно нешто сосема друго. Вие имавте задача да спроведете нешто што е желба на некој повисок партиски челник на ВМРО-ДПМНЕ, можеби лично и на премиерот, не знам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Петров една минута за контра реплика.

**Горан Петров:** Последната седница на Комисијата беше отворање на јавните понуди по Јавниот повик на кој присуствуваа и самите понудувачи. Од 9-члената Комисија бевме присутни само двајца. Двајца луѓе се далеку од мнозинството во Комисијата.

Инаку, во однос на оставките што ги поднесовте колешке, јас ја ценам вашата одлука да се повлечете од работата на Комисијата. Јас тоа го прифаќам како факт и околу тоа не спорам. Меѓутоа, значи ли тоа дека кога вие ја поднесовте оставката требаше да престане да работи Комисијата и треба да ја прекинеме постапката околу надградбата. Ако вие не го делите мислењето со мнозинството од членовите на Комисијата, тогаш прифатете дека ние сакаме да продолжиме да работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Топузова, се јавувате за збор но, жалам, ова беше контра реплика и после тоа немате право. Деловнички може, само јас ќе ве замолам да не сме екстезивни. По четврти пат ви давам збор. Повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Претседателе, се додека претседателот на Комисијата ќе се обидува да кажува невистини, јас ќе земам збор, во името на вистината. Не е точно. Не сум можела да присуствувам на седница, ниту јас, ниту друг, кога пред тоа веќе имавме поднесено оставка. Не сум јас во прашање, почитуван колега. Најмалку е битно дали Роза Топузова ќе биде член на комисијата. Ако беше во прашање само мојата оставка, вие ќе си продолжевте со работата. Почитуван колега, оставка ви поднесе претседателот на Асоцијацијата на архитектите на Република Македонија, вклучувајки иземањето на целата Асоцијација. Тие не сакаа да коптираат член поради самоволието кое го правите. Затоа сега имаме двајца членови од Здружението на град Скопје. Значи не е вистина, не е во прашање мојата оставка. Најмалку значајна е мојата оставка. Се повлече целокупната Асоцијација на архитектите. Се повлече членот од Управата за културно наследство. За нив да дебатираме коелга, зошто тие се повлекоа. Тие се повлекоа. Значи, не е битна Роза Топузова дали се повлекла. Битно е што се повлекоа претставниците на две еминентни институции кои се многу компетентни и одговорни за ова прашање, а дали Роза Топузова се повлекла, па наместо Роза ќе биде друг, тоа и не е прашање сега. Зошто толку лесно работите ги поедноставувате. Не е тоа така едноставно прашање. Колку да сакате мене да ме навредите и да ме омаловажите пред македонската јавност, да ме прикажете како неработник што не сум доаѓала, нема да ви успее, затоа што сум јас постојано тука присутна, постојано сум на комисиите и се залагам да се почитува Законот, не за мое некое решение. Ве молам да бидеме објективни и малку од малку да се почитуваме меѓусебе и да бидеме искрени. Не сум проблемот јас, како што сакате вие д аме претставите. Пробелмот се Асоцијацијата и Управата за културно наследство. Тие ги повлекоа своите членови и сега се коптираат послушници кои ќе ја анализираат вашата желба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се во Собранието, а не влегле уште во салата, да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање, бидејки во салата имаме 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 46, воздржан 1, против 4. Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкција, доградбата и надградбата на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 5. - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Збор има господин заменик министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата на Република Македонија согледувајќи ја состојбата со информатичката технологија во државната управа и во државата воопшто заклучи дека е потребно воспоставување на институционална рамка за развој на информатичкото општество.

Поради тоа согласно со член 41 од Законот за Владата на Република Македонија во кој е дадена можност Владата по своја оцена да основа самостојни или заеднички стручни и други служби, во Законот за Владата на Република Македонија се предлага формирање на Секретаријат за информатичко општество со дефинирани функции и надлежности кои ќе го

координира процесот на развојот на информатичкото општество.

Ваквата определба на Владата на Република Македонија произлегува и од веќе донесената стратегија за информатичкото општество во која веќе се утврдени основните принципи за спроведување на политиките и активностите за развој на информатичкото општество во Република Македонија.

Почитувани пратеници, донесувањето на Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија и формирањето на Секретаријатот за информатичко општество е со цел да се создадат услови за поголема оперативност во спроведувањето на целите и задачите утврдени во националната стратегија за развој на информатичкото општество, градењето и развојот на информатичката структура, подготвување на акциони планови и давање поддршка на органите на државната управа кои што се вклучени во процесот на имплементацијата, унапредувањето и развојот на информатичкото општество.

Со формирањето на Секретаријатот за информатичкото општество ќе се создадат услови за унапредување на информатичката технологија, развојот на примената на информатиката односно со подигањето на процесот на развојот на информатичкото општество од еден центар ќе се придонесе Република Македонија да се вброи во редот на земји во кои имплементацијата и развојот на информатиката се во развојот на високо ниво.

Токму поради овие причини сметам дека законот е во функција на унапредување на развојот на информатичкото општество во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да повелат да влезат во салата зошто сме пред гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да велзат во салата зошто не очекува гласање.

Ги замолувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата зошто сме пред гласање.

Објавуван едночасовен прекин за ручек, продолжуваме во 14,49 минути.

(Паузата започна во 13,50 минути)

(По паузата седницата седницата продолжи во 15,13 часот)

**Благој Зашов:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата продолжуваме со работа.

Ги молам службите да ја констатираат ситуацијата во салата за да можеме да продолжиме со работа.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата има поголем број на пратеници, констатирам дека можеме да продолжиме со работа.

Да потсетам дека бевме застанати на заклучокот:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 52 пратеници колку што гласале, 47 гласаа за, 4 воздржани и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 49 пратеници. 41 гласале за, 8 воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, од кои што 47 гласале за, 8 воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот на реформи на железницата, кој ќе се случи меѓу ЈП “Македонски железници” инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правна комисија и дописот на Комисијата за финансирање и Буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Заменик министерот за финансии има збор, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, јас ќе направам осврт на оваа точка и на наредната точка, значи ќе ги спојам во една затоа што се работи за поврзани точки ако се поставени на дневниот ред како посебни, така да ќе дадам експозе за двете точки што се на дневниот ред, значи и за оваа точка и за наредната точка.

Оние првично водени разговори бордот на извршни директори на Меѓународната банка за обнова и развој на 15 септември 2005 година и одобри на Република Македонија заем по проектот на реформи на железницата во износ од 15 милиони евра чиј корисник беше ЈП “Македонски железници”. Своевремено Република Македонија со потпишувањето на Договорот за гаранција со Меѓународната банка за обнова и развој ја гарантираше навремената и точна отплата на главнината, каматата и другите обврски кои произлегуваат по договорот за заем кој беше склучен помеѓу ЈП “Македонски железници” и Меѓународната банка за обнова и развој на 10 февруари 2006 година. Токму за оваа цел на 14 ноември 2005 година беше донесен законот за гаранција на Република Македонија на обврските на договорот за заем наменет за проектот за реформа во железницата објавен во Службен весник на Република Македонија број 109 од 2005 година.

Накратко овој проект за реформа во железницата опфаќа 4 компоненти.

Првата конмпонента вклучува техничка помош за преструктуирање, регулатива, подготовка за приватниот сектор како и подршка за имплементација на проектот.

Втората компонента се однесува на превземање на социјални мерки за ублажување на последиците од евентуално намалување на бројот на вработени.

Третата компонента има за цел зголемување на капацитетот за извршување на железничкиот транспорт и

Четвртата компонента има за цел механизација на шинско одржување и модернизација на железничката инфраструктура.

Согласно една од целите која што е опфатена во првата компонента од овој проект, проектот за реформи на железницата предвидуваше трансформација на ЈП “Македонски железници” на два нови правни субјекти односно “Македонски железници” инфраструктура Скопје и “Македонски железници” АД Транспорт Скопје.

Значи, од тоа првично претпријатие Македонски желзници произлегоа два нови правни субјекти.

Со донесување на Законот за трансформација на ЈП “Македонски железници” Скопје донесен на ден 5 мај 2005 година, објавен во Службен весник број 29 од 2005 година и одлуката на Централниот регистар на Република Македонија од 8 август 2007 година трансфорамцијата на ЈП “Македонски железници” и формално правно беше извршена и двете нови компании започаа да функционираат како две посебни правни лица.

Со реализација на оваа поставена цел на проектот за реформи во железницата се јави потребата од поделба на правата и обврските, како и на првичниот износ на заемот помеѓу овие две новоформирани правни лица.

Оттука и потребата за донесување на два нови закони за гаранција како предуслов за склучување на два нови договори за заем и гаранција по проектот за реформи на железницата, кои ќе се однесуваат на секој од компаниите кои го наследија ЈП”Македонски железници” одело.

Истовремено сакам да напоменам дека донесувањето на овие закони е предуслов за користење на средствата од веќе одобрениот заем од страна на двете новоформирани компании.

За таа цел делегација на Република Македонија во ноември 2007 година водеше преговори со претставници од Светска банка за склучување на следниве 4 договори и тоа:

Договор за заем кој ќе се склучи помеѓу ЈП “Македонски железници” инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој по проектот за реформи во железницата;

Договор за гаранција на ЈП “Македонски железници” инфраструктура Скопје, кој треба да се случи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој;

Договор за заем кој ќе се склучи помеѓу ЈП “Македонски железници” АД Транспорт Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој по истоимениот проект;

Договор за гаранција на ЈП “Македонски железници” АД Транспорт Скопје, кој треба да се случи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

Поделбата е следна:

Договор за заем кој ќе се склучи помеѓу ЈП “Македонски железници” инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој согласно веќе договорената поделба на првичниот износ на заемот ќе изнесува 5.970.000 евра и договорот за заем кој ќе се склучи помеѓу ЈП “Македонски железници” АД Транспорт Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој ќе изнесува 9.030.000 евра. Вака е поделен заемот помеѓу овие две нови правни лица.

Заемот е доделен под следниве услови на Меѓународната банка за обнова и развој кои што важат за двете компании.

Рокот на отплата изнесува 17 години со вклучен грејс период од 5 години.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитет, рати.

Одплатата на заемот ќе започне на 15 април 2011 година и ќе заврши на 15.10.2022 година.

Каматната стапка по која ќе се сервисира заемот е либор плус варијабилен распон.

Каматната стапка може да се намали врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој.

На износот на неповлечените средства од заемот Меѓународната банка за обнова и развој наплаќа провизија во висина од 0,75% годишно. Во моментот истата изнесува 0,25% поради ослободувањето 50% поени, кое Република Македонија го има добиено како резултат на редовно сервисирање на обврските кон оваа меѓународна финансиска институција.

Согласно прописите на Светска банка Република Македонија како заемобарател има обврска да и плати на истата еднократна провизија во износ од 1% од износот на заемот односно согласно одобрувањето на Бордот на извршни директори на Светска банка во моментот оваа провизија изнесува 0,5% за сите проекти, финансирани од Светска банка кои се одобрени во 2005 година од причини кои што претходно ги наведов.

Согласно договорите за заем предвидено е проектот за реформа на железницата да заврши најдоцна до 31 октомври 2009 година.

Сметаме дека погоре изнесеното ја потенцираше неопходноста за усвојување како на овој закон, така и на законот кој што треба да биде донесен со наредната точка. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине минситре.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници, и јас ќе зборувам исто за двете точки бидејки се поврзани една со друга да не се јавувам повторно за збор. Значи, не е спорно потребата од донесување на овој закон или потребата од имплементација на Законот за Железници кој што овој собраниски дом го донесе, во кој што беше дефинирано дека еден од крупните чекори е поделба на две јавни претпријатија, на Македонски железници, инфраструктура и на Македонски железници транспорт. За тоа се потребни средства.

Она за кое што се јавив за збор е да ја искористам приликата д аизразам остар протест, бидејк при дебатите за во прва фаза и втора фаза за носење на законот за Железници во кој што беше најавена оваа поделба како законска можност, поставувавме прашања за капацитетите на човековите ресурси кои што ќе ја спроведат оваа поделба. Прашувавме за потребата од финансиски средства со која што ќе се изврши оваа поделба. Не добивме одговор, а ни беше ветено дека ќе се дебатира и дека ќе се поднесе некој извештај од страна на Министерството за транспорт и врски. Сега, јас не се обраќам на Министерството за финансии, кое што по сила на Законот ја спроведува оваа со закон дадена надлежност. Јас искажувам протест што кога кредитот ќе биде земен. Дали Македонски железници имаат изготвено еден базичен предлог документ со кој што се настапило пред Меѓународната банка за обнова и развој за да се земе кредитот. Дали државата воопшто има план на активности на кој начин ќе се користат овие средства, во кои цели ќе се користат, имајќи предвид дека железничката инфраструктура во Република Македонија е во очајна состојба. Во неколку наврати ние баравме податоци дали тие имаат изготвено елаборат на постојната ситуација со критични точки кои што ќе ги потенцираат или пак некои динамички план на ревитализација на инфраструктурата со приоритети каде ќе се инвестира. Не добивме одговор. Исто ова се однесува и за транспортот. Возниот парк е во катастрофална состојба. Немаат ли визија или не сакаат да кажат да дадат податоци како мислат да го обноват возниот парк, во колкав обем, со која динамика, дали тој возен парк ќе одговара на меѓународните стандарди кои што беа потенцирани при носење на законот за железници и дали воопшто Република Македонија ќе може да се вклучи во меѓународната мрежа на железничкиот сообраќај со овие средства или пак овие средства се земаат само за подготвителните активности. Тоа треба да го знаеме како пратеници. Јас се јавив за збор да го искажам нашиот протест. Почитувани колеги, треба на сите да ви биде непријатно зошто овој собраниски дом секогаш се заобиколува кога е потребно да се добијат одредени информации и сознанија за задолжување на државата и како впрочем ќе се гласа по тоа задолжување ако претходно по неколку барања не се добиваат основните податоци кои што претходно ги кажав јас. Во неколку наврати сум ја користел оваа говорница да кажам дека на Комисијата за транспорт и врски немаме соодветни информации и покрај тоа штонеколкупати сме барале присуство на највисоките претставници од Министерството за транспорт и врски и од железници за да се добијат овие податоци.

Јас би го замолил заменик министерот, не барам широка елаборација, да каже дали овие 15 милиони се средства за подготвителните работи и изготвување на елаоратите по кои што ќе се изврши поделбата, иако по законски пат веќе е започнат процесот. Значи, регистрирани се во централниот регистар, но мислам дека до толку е. Дали имало воопшто документи кои што Македонска железница ги доставила до Министерството за финансии, дали кога сте биле делегација, претпоставувам Министерството за финансии ги водеше преговорите или пак од Министерството за транспорт и врски. Тогаш, до колку можете да одговорите за висината на овие средства со кои цели и со каква динамика ќе бидат трансферирани . Значи¸треба да заврши до 2009 година трансформацијата, барем така ве разбрав во вашата елаборација. Дали ви беа доставени овие документи кои што претходно ги наведов. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има заменик минситерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Да не дојде до некое недоразбирање, овој заем е заем од 2005 година. Законот за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници Скопје е донесен на 5 мај 2005 година, а заемот исто е од 2005 година од заемот кон Светска банка и Договорот за заем е склучен кон крајот на 2005 година.

Она што сега е направено, бидејќи тоа претпријатие, Јавно претпријатие Македонски железници по сила на овој закон се раздели на два правни субјекти, значи инфратруктура и транспорт, ние мора да направиме да има поделба на правата и обврските на овие два правни субјекти, така што овој заем кој што е добиен во 2005 година, а е добиен врз основ ана целокупна документација и проекти кои што од тоа време биле подготвени и биле во ред. Значи, минатата Влада изготвила документ и се било во ред, од Светска банка одобрен е кредитот врз основа на таква документација, сега само технички треба со овие закони да се распредели заемот помеѓу двата новоформирани субјекти, а тоа беше формирањето на двата правни субјекти, што е врз основа на Законот за трансформација на Македонски железници, кој штопотекнува од 2005 година. Така што, овој заем е заем од 2005 година. Значи, ова не е некое сега задолжување што го правиме ново, туку Република Македонија веќе се има задолжено во 2005 година, тој заем постои, сега само се врши распределба на истиот тој заем на двата новоформирани субјекти. Дел од средствата, од тие 15 милиони се веќе повлечени онака како што ја предвидувала динамиката, дел од средствата според информациите кои што ги имаме, јас ги наведов колку беа тие средства, 9 милијони и нешто требаШе да искористи транспорт и остатокот инфраструктура. Значи, тие средства каде што е транспорт ќе бидат за набавка на вагони или репарација на тие вагони, локомотиви. Онаму каде што е инфраструктура за обновување на инфраструктурната мрежа. Така, што, не станува збор за ново задолжување. Овој заем постои, само што сега го делиме на двата новоформирани субјекти. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине заменик министре.

За реплика се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик минситер.

Јас не дебатирав за времето кога е земен заемот или пак посочив на Министерството за финансии. Мене ми е жал штоне можам да дебатирам со Министерството за транспорт и врски или со Македонски железници, бидејки тие немаат сознанија дека тие средства ги имаат добиено. Кога дебатиравме на Комисија, на Матичната комисија за транспорт и врски, ние поставивме рпрашање со кои средства, еве јас не сум имал информација нормално дека тие имаат добиено средства за преструктуирање, а тие самите немаат информации за тоа, ние дебатиравме пред 5 или 6 месеци кога се носеше Законот за железници и кога се подели. Всушност, во законот се дефинираше потребата од поделба. Ние поставивме прашање со кои средства ќе се настапи. До колку го прочитате законот ќе видите дека станува збор за смешни параметри, на пример дека два вагони или не знам колку ќе се набават нови од тие средства. Значи, висината на средствата кога ќе ја поделите е дискутабилна дали е доволна за преструктуирањето кое што тие го заговараат. Ние  тие документи не сме ги виделе, иако баравме на Матичната комисија да го видиме нивниот план на преструктуирање. Јас еве сега повторно ќе барам после изгласување на овој закон посебни точки на комисиска расправа на Матичната комисија да поведеме расправа за начинот како мислат тие да ги искористат средствата или преструктуирањето во склоп на законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се јави господиниот Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Очигледно е дека темата предизвикува помалку интерес. Секогаш кога се темите од економијата некако ни е послаб интересот и повеќе сме спремни за политички теми. Извинете ми ако ви одземам од вашето време.

Прво, сакам да кажам дека ќе ги пдоржам и двата закони кои што се предложени денес за донесување во Собранието, бидејќи кога и во 2005 година и 2006 на почетокот расправавме околу овие закони, Република Македонија мора да изнајде начин за преструктуирање на Македонските железници и да излезат од агонијата во која што се наоѓа ова претпријатие во државна сопственост, сега претпријатија по повеќе години station наназад. Но, онакак како што рече министерот дек аќе зборува во своето експозе за двата закони, јас исто така во оваа своја дискусија би сакал да се осврнам и на двата закони. Но, сакам да се осврнам и на едно многу суштинско прашање кое што деновиве е актуелно во Република Македонија и за кое што треба како Парламент длабоко да се замислиме. Имено, за што се работи. Ние како пратеници, без разлика кој договара, кој преговара при  заеми, при кредитирање, при задолжување на Република Македонија, сепак ние 120 пратеници сме најодговорните, бидејќи ние сме тие кои што ги донесуваме законите за гаранција, за оние за кои што гарантира Република Македонија. Заради таа одговорност, бидејќи задолжувањето не е само за нас сега, туку задолжувањето е товар кој што го оставаме секогаш на идните генерации. Често пати сите ние овде сакаме да кажеме, да ги критикуваме сите оние кои што во минатото и

во еден друг систем ја задолжувале Република Македонија и да кажеме дека не постигнале очекувани ефекти за економијата во Република Македонија и сега ние како генерации треба да ги плаќаме тие стари долгови. Но, во една иста таква ситуација се наоѓаме ние денес и може на идните наши генерации да им оставиме долгови од кои тешко ќе можат да излезат и да го трасираат патот на економскиот развој на Република Македонија. Имено, деновиве е актуелно дека во собраниска процедура имаме неколку закони за кои што треба да дадеме гаранција за задолжување на Република Македонија и имаме најава во медиумите дека Владата планира да има нови задолжувања од Светската банка. Понекои груби пресметки, новите задолжувања во овој период на Република Македонија треба да бидат за извесен период додека е оваа Влада околу 300 милиони евра, барем така беше изнесено во медиумите. Овие два кредити и оној кој што ќе биде на расправа на следната седница.

Се поставува прашањето дали сме доволно сериозни сега кон идните генерации. Не така одамна пред неколку месеци или на почетокот на минатата година Владата секојдневно држеше прес конференции и кажуваше како за краток период од два, три месеци успеа да ги врати кредитите кон Светска банка, кон ММФ и тоа им беше добро да го направат од државните резерви во Народна банка односно државните резерви на Република Македонија. Но, сега имаме една сосема спротивна ситуација. Денес имаме два закони за кои што некаде околу 15 милиони евра е задолжувањето. Имаме на наредната седница закон за задолжување на спортски сали во училиштата 12,5 милиони евра. Потпретседателот на Владата господинот Ставрески одржаа прес на кој што рече дека, се извинувам во бројките акопогрешам, отприлика но со оглед на тоа што не е стигнато до пратениците, само од медиумите, сега ќе сме земеле 200 милиони евра од Светска банка, а во наредниот период уште 80 милиони, сега евра или долари, не ме земајте строго за збор. И, сето тоа е добро кога парите би биле целисходно наменети. Овие 15 милиони евра за кои што сега зборуваме по овие два закони по мое длабоко убедување се целисходно исправно наменети за преструктуирање на Македонската железница. Но, кога ќе дојдат на расправа законот кој што е за спортските сали, она што го најави вице премиерот дека ќе имаме 200 милиони еднаш и уште 80 милиони евра нови задолжувања за консалтинг услови, за упатување во здравството, како да не знаеме ние каде ни е патот, за таквите кредити од секогаш сум билпротив и кога сум ја подржувал Владата, а и сега. На крајот, честопати се задолжуваме само за консалтинг услуги и ќе дојдат, а такви беа некои задолжувања во здравството и во изминатиот период, па сега еве повторно и од тоа некој само ќе има ќар истите тие што ќе ни ги дадат кредитите ќе дојдат ќе ни држат семинари, ќе наплаќаат дневници по илјада или две илјади дневно,што овде ќе бидат, а на крајот некои идни генерации во Република Македонија треба да ги враќаат тие долгови. Затоа сметам, дека она што сега господин заменик министер треба да го овде расчистиме и да го објасниме. Точно е дека по однос на овие закони се започнало во 2005 година. И тоа е добро. И добро е што сега оваа Влада го продолжува тој процес. Но сега е веќе времето, бидејќи помина одреден период од трансформацијата на Македонски железници. Ние како пратеници да ја добиеме инфорамцијата кои ќе бидат ефектите и како ќе се реализираат задолжувања.

Јас во законот точно видов и од порано колку што се сеќавам, знам каде ќе бидат насочени, но ние ккао пратеници мора од Владата која е дирекно одговорна за функционирањето на Македонски железници, преку својата улога за поставување на раководните кадри во Македонски железници, мора точно да знаеме, да се следат ефектите од земените заеми.

Следна работа која исто така за нас пратениците, еве некој ќе рече зошто порано не рекол Слободан, но такви сме, времето не учи, па сега да видиме. За сите заеми за кои ние како пратеници изгласуваме закон за гаранција за кој гарантира Република Македонија, на извесен период мора да добиваме инфорамции како се одвиваат работите, бидејки, ќе повторам, најодговорните за гаранцијата што ја дава Република Македонија, се сепак овие 120 пратеници кои според Уставот се определени да го изгласуваат законот за гаранција.

На крајот уште еднаш ќе кажам дека ќе ги поддржувам сите оние задолжувања кои што ќе имаат функција на развојот на македонското стопанство, овие два заедно ги разбирам како такви заеми, заеми кои што имаат за цел од една страна да ја подобрат инфраструктурата во железницата, да овозможат полесно да се изврши преструктуирањето на македонската железница и на дел од вработените кои со преструктуирањето може да останат без работа, адекватно да се најде решение и за нив.

Исто така овие заеми ќе придонесат и за поттикнување и на дел од останати стопански гранки, но енергично сум против задолжувања на кои што посебно ќе им се даде грејс-период сега оваа Влада или идна во наредниот период да не ги враќа, а да ги враќаат некои идни генерации, а од тие задолжувања апсолутно да немаме никакви ефекти да влијаат на економскиот развој на Република Македонија. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господин Најдовски.

За збор се јави госпоѓа Катерина Димеска.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници,

Сакам да го кажам и моето мислење по однос кој што денес го имаме за трансформацијата на македонски железници, и би сакала да го кажам следното. Согласно законот кој што го донесовме

за трансформација на јавното претпријатие Македонски железници изразувам благодарност за динамиката која што се спроведува во насока на побрзо реализирање на она што е обврска од самиот закон.

Имено, од сите дискусии кои што досега ги слушнавме и од образложението што го добивме од заменик министерот видовме дека веќе се поминува на конкретна реализација на она што всушност претставува права и обврски на двата новоформирани правни субјекти, а тоа е Мкедонски железници - инфраструктура и Македонски железници транспорт.

Овој закон и наредниот кој што треба да следи и да го изгласаме се неминовна потреба и тука сите сме согласни. Уште еднаш изразувам благодарност за реализацијата за она што всушност произлезе од Законот за трансформација на македонски железници и она што се реализира во досегашниот период. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Димоска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се случи меѓу Јавното претпријатие Македонски железници инфраструктура - Скопје и меѓународната банка за обнова и развој.

Ги повикувам пратениците кои се во околните сали да влезат во главната сала како би можеле да пристапиме кон гласање.

Ве молам да седнете ќе пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 43 пратеника, за 42 еден воздржан, против нема.

Со оглед на резултатот јас би сакал службите да проверат колку има пратеници за да констатираме дека гласањето е валидно.

Констатирам дека во салата имало доволен број пратеници и дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, сите 51 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се пријави за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 52 пратеници колку што гласале, за гласале 51, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу Јавното претпријатие Македонски железници инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој.

**Минуваме на точката 7.- Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу Македонски железници транспорт АД Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, Извештајот на Законодавно-правната комисија и дописот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклулчок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу Македонски железници транспорт АД Скопје и меѓународната банка за обнова и развој.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 56, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, сите 53 пратеници биле за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница а се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 за, еден воздржан против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу Македонски железници, транспорт АД Скопје, и Меѓународната банка за обнова и развој.

**Минуваме на точка 8. - Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за финансии, повелете господин министер.

**Предраг Трпески:** Јас само да ве информирам, овој и наредните две точки, значи заедно со оваа точка, три точки, се однесуваат на една иста материја. Во 2000-та и 2001 година биле донесени закони за задолжување на Република Македонија кон различни финансиски институции, кои закони во моментов од тогаш до ден денес не предизвикуваат правно дејство, затоа што такви договори за земање на кредит воопшто не биле склучени, ниту кредитите се земени. Така да, овие закони се сувишни и од таа причина Владата предлага вакви закони за престанок на важењето на овие три закони, спрема ИДА, спрема Светска банка и спрема Комерцијалната банка на Кина. Не предизвикуваат правно дејство, па да престане важењето на овие закони.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, сите 54 за. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, сите 53 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закнот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно глалсале 53 пратеници.

Сите 53 се изјасниле за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето.

**Минуваме на точка 9. - Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната банка за обнова и развој ИБРД по договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставен односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесувње на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната банка за обнова и развој ИБРД по договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето. Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, сите 55 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, сите 53 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, сите 54 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој ИБРД по договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето.

**Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по**

**Договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува прдлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по Договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 54, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 51, воздржани неме, против 2.

Констатирам деке е усвоен на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 52 гласале за, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по Договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на именување член на Советот на Народна банка на Република Македонија**

Предлогот за доставен.

Отворам претрес по предлогот д-р Сашо Арсов да биде именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот д-р Сашо Арсов да биде именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, за гласале 48, воздржани 1, против 1.

Констатирам дека д-р Сашо Арсов да биде именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за разрешување на заменик-јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Бисера Леова Костантиновска да биде разрешена од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Бисера Леова Костантиновска да биде разрешена од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 51 колку што гласале, сите се изјасниле за.

Констатирам дека Бисера Леова Костантиновска е разрешена од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје поради стекнување услови на старосна пензија.

Бидејќи дневниот ред е изцрпен ја заклучувам 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Давам пауза од 10 минути за пререгистрација за продолжување на следната седница.

(Седницата заврши во 16,21 часот)